РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
бр. 08-485 /6
04.04 2025 год.
КРИВОГАШТАНИ

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.05/02) и во врска со член 63 став 1 од Законот за урбанистичко планирање (,,Службен весник на РСМ,, 32/20, 11/23, 171/24 и 224/24), на предлог на Градоначалникот на Општина Кривогаштани, Советот на Општина Кривогаштани, на седницата одржана на ден 04.04.2025 година донесе:

ОДЛУКА

за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 3 од Урбанистички План за село Кривогаштани, Блок 5, измени и дополнувања, Кривогаштани, општина Кривогаштани со кој се формираат две градежни парцели ГП 3.1 и ГП 3.2 со намена на градбата Б2-Големи трговски единици

Член 1

Со оваа одлука се донесува Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 3 од Урбанистички План за село Кривогаштани, Блок 5, измени и дополнувања, Кривогаштани, општина Кривогаштани со кој се формираат две градежни парцели ГП 3.1 и ГП 3.2 со намена на градбата Б2-Големи трговски единици со површина на планскиот опфат и тоа ГП 3.1 4022 м² и ГП 3.2 376 м² изработено од "Студио Џон и Џони" ДОО подружница Скопје со тех.број 42/25 од Февруари 2025 година, при што се задржуваат параметрите на вкупно изградената површина за градење, намената на земјиштето и објектите, максималната височина и други параметри утврдени со урбанистичкиот план.

Член 2

Урбанистичкиот Проект се прикажува во текстуалниот и графичкиот приказ што претставува составен дел на оваа Одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски


УЛИЦА ЕДВАРД КАРДЕЉ
ГП 3.1
ГП 3.2
С3
Се